AEC
Australian Electoral Commission

*Your vote is a valuable thing*



# Водач за запишување во гласачките списоци и за гласање на сојузните избори

## Зошто треба да се запишам во гласачките списоци пред да гласам?

Правото на глас е една од придобивките на демократскиот живот – може да го кажете вашето мислење во врска со тоа кој управува со земјата.

Во Австралија, запишувањето во гласачките списоци и гласањето се задолжителна законска обврска. Што е уште поважно, за вас тоа е можност да изберете кој ќе ве претставува во сојузниот парламент.

Кога се запишувате во гласачките списоци, вашето име и адреса се внесуваат во сојузните гласачки списоци – списоци на гласачи што имаат право да гласаат.

Мора да се запишете во гласачките списоци и да гласате ако сте државјанин на Австралија на возраст од 18 или повеќе години.

Може да се запишете во гласачките списоци ако сте навршиле 17 години. Така ќе бидете запишани во гласачките списоци и ќе можете да гласате кога ќе навршите 18 години.

Гласачките списоци се затвораат наскоро по објавувањето на изборите, а ако ве нема во тие списоци, не можете да гласате. Има различни рокови за сојузните избори, за изборите во државите и териториите и за локалните избори. Треба да се запишете во гласачките списоци и постојано да бидете запишани за да бидете сигурни дека нема да ги пропуштите изборите.

## Како да се запишам во гласачките списоци?

Само пополнете формулар за запишување во гласачките списоци, доставете доказ дека вие сте оној за кој се претставувате (број на возачка дозвола, ако имате) и ќе бидете ставени на гласачките списоци. Ако немате возачка дозвола, видете во формуларот кои други можности постојат.

Со истиот формулар ќе бидете запишани за сојузните избори, за изборите во државата/територијата и за повеќето локални избори.

По неколку недели ќе добиете писмо со кое се потврдува дека сте запишани во гласачките списоци.

## Каде може да добијам формулар за запишување во гласачките списоци?

- симнете го од интеренет од www.aec.gov.au
- од канцелариите на Australia Post
- од било која канцеларија на Australian Electoral Commission (AEC)
- од јавните канцеларии на Даночната служба
- од центрите за услуги на клиентите на Centrelink
- од канцелариите на Medicare
- од некои деловни канцеларии во селските подрачја

## Како да останам исправно запишан во гласачките списоци?

Секогаш кога ќе ја промените адресата – кога ќе се преселите во друга улица или во друго населено место – или кога ќе го промените името, треба да пополните нов формулар. Така во гласачките списоци истовремено и едноставно ќе биде внесена вашата нова адреса или ќе ви биде сменето името, а вашите стари податоци ќе бидат избришани.

Ако не ги обновите вашите поединости, вашето име може да биде избришано од гласачките списоци, што значи дека нема да можете да гласате.

Ако не можете да го најдете вашето писмо од AEC со кое се потврдуваат вашите лични поединости запишани во гласачките списоци, може да проверите на местото на итнернет на AEC или да телефонирате на **13 23 26**.

MACEDONIAN








## Што треба да сторам ако одам во странство?

Не мора да бидете запишани во гласачките списоци или да гласате ако сте надвор од Австралија. Ако патувате во странство на одмор или на подолг период, треба да ја известите AEC. Ако не го сторите тоа, постои опасност вашето име да биде избришано од гласачките списоци.

## Што ако мојата адреса треба да се чува во тајност?

Може да поднесете молба да ве запишат како заштитен гласач (silent elector) ако се плашите дека објавувањето на вашата адреса на гласачките списоци може да ја доведе во опасност вашата безбедност или безбедноста на вашето семејство.

Молбен формулар и натамошни информации може да се добијат од местото на интернет на AEC или ако телефонирате на **13 23 26**.

## Кога и каде ќе гласам?

Сојузните избори секогаш се одржуваат во сабота. Гласањето се одвива од 8 часот претпладне до 6 часот попладне на гласачките места ширум целата земја. Начинот на кој ќе гласате зависи од тоа каде се наоѓате на денот на изборите.

**Ако се наоѓате во вашето локално подрачје** може да гласате на било кое гласачко место во вашата изборна единица. Локациите се објавени на местото на интернет на AEC и во поголемите весници во петокот пред денот на изборите.

**Ако сте во вашата држава или територија** но надвор од вашата изборна единица, може да гласате на било кое гласачко место. Тоа се нарекува гласање во отсуство.

**Ако сте во друга држава или територија** може да гласате само во специјалните гласачки центри за лица од други држави и територии. Локациите ќе бидат објавени во времето на изборите. Или пак може да гласате пред да заминете, или да поднесете молба да ви бидат испратени гласачките ливчиња.

Ако не можете да гласате на денот на изборите, можеби имате право да гласате во центар за предвремено гласање или да поднесте молба за гласање по пошта. Запомнете, ако поднесете молба за гласање по пошта, гласачките ливчиња не може да ви се испратат пред да бидат конечно утврдени кандидатите за изборите.

Проверувајте го местото на интернет на AEC за натамошни информации во врска со овие можности.

## Како се гласа

За сојузните избори обично ќе добиете две гласачки ливчиња. Зелено за претеничкиот дом (House of Representatives) и бело за сенатот (Senate).

**На зеленото гласачко ливче** треба да ставите бројка во секој четириаголник според оној редослед што го претпочитате.

**На белото гласачко ливче** може да одберете еден од двата начини за гласање. Може да го ставите бројот '1' во четириаголникот над црната линија за партијата или групата што сте ја избрале, или може да ги пополните сите четириаголници под црната линија според оној редослед што го претпочитате.

Повеќе за тоа како да гласате, како се бројат гласовите и како работи изборниот систем може да дознаете ако го посетите местото на интернет на AEC. (Таму има дури и место каде што можете да вежбате како да гласате!)

Ако не ги пополните исправно гласачките ливчиња, вашиот глас нема да се брои.

## За кого гласам?

Гласате за да изберете луѓе што ќе ве претставуваат во австралискиот сојузен парламент во Канбера.

Парламентот е средиштето на владата и таму се донесуваат одлуки и се усвојуваат закони за работи што не засегаат сите нас.

На сојузните избори избирате членови што ќе ве претставуваат во двата дома што го сочинуваат сојузниот парламент – пратеничкиот дом и сенатот.

За пратеничкиот дом Австралија е поделена на 150 подрачја што се нарекуваат изборни единици. Гласате за еден член на парламентот што ќе ја претставува вашата изборна единица.

За сенатот, секоја држава има 12 сенатори, а секоја од двете територии (NT и ACT) има по двајца. Гласате за сенаторите што ќе ја претставуваат целата ваша држава или територија.

## Преведувачка служба

Корисниците што се глуви или со оштетен слух/говор, може да телефонираат преку National Relay Service. Лицата што користат машина за пишување по телефон TTY може да телефонираат на **133 677** а потоа да го побараат бројот **13 23 26**. Корисниците што користат Speak and Listen (говорно поврзување) може да телефонираат на **1300 555 727** а потоа да го побараат бројот **13 23 26**.

Корисниците што се поврзуваат преку интернет може да се поврзат на NRS а потоа да го побараат бројот **13 23 26**.

За помош на македонски јазик телефонирајте на долунаведениот број.

Македонски **1300 720 139**

Australian Electoral Commission (AEC) ги спроведува сојузните избори и општонародните изјаснувања (референдуми), ги одржува гласачките списоци и нуди низа разновидни информации и програми за подучување во врска со изборите и гласањето.

Authorised by Gail Urbanski, West Block Offices, Queen Victoria Terrace, Parkes ACT 2600.

AEC 0111_04.09